РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-7714/2
20 15 год.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), Министерот за труд и социјална политика, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПРИРАЧНИКОТ "ГО ОТКРИВАМЕ СВЕТОТ СО ЕМИЛ И ЕЛЕНА 1" ЗА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ (од 4 до 5 год.)

Се одобрува употреба на прирачникот "Го откривае светот со Емил и Елена 1" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) во установите за деца – детски градинки, од авторите Билјана Камчевска, Весна Макашевска, Симона Палчевска и Александра Митровска, во издание на АД за издавање учебници и наставни средства - Просветно дело, Скопје.

## Образложение

Врз основа на барањето од страна на АД за издавање учебници и наставни средства - Просветно дело - Скопје, за добивање Решение за одобрување и употреба на прирачникот "Го откриваме светот со Емил и Елена 1" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) во установите за деца – детски градинки, од авторите Билјана Камчевска, Весна Макашевска, Симона Палчевска и Александра Митровска, согласно Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), од Педагошката служба побарано е стручно мислење за истиот.

Според доставеното стручно мислење од Педагошката служба бр. 03-16324/2 од 06.11.2015година, прирачникот "Го откриваме светот со Емил и Елена 1" е наменет за децата од предучилишна возраст и има когнитивна компонента за развој и стекнување на општи знаења од наведената област, *соодветствува* со Пограмата за рано учење и развој и ги остварува целите за развоен период од 4 до 5 годишна возраст, односно аспектите за јазик, социо – емоционален и когнитивен развој и има за цел стекнување на општи и основни знаења од областите: математика, наука, логика, ликовно и музичко воспитание. Истиот, е богато илустиран и лесно разбирлив и претставува добра основа за постепено осознавање на поимите за оваа возраст на децата. Исто така, прирачникот содржи и насоки за организирање на работата со деца од предучилишна возраст. Согласно наведеното, Педагошката служба го препорачува прирачникот "Го откривае светот со Емил и Елена 1" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) за употреба во детските градинки.

Согласно член 173 став 4 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15),.Прирачниците можат да бидат понудени за употреба како

Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
СКОПЈЕ
Примено: 01.12.15
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
08 | 2649/3

воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар од месец септември 2016 година.

Врз основа на даденото мислење на Педагошката служба, согласно член 173 став 3 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), се донесе Решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото, преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР
Д-р Фросина Ташевска Ременски

Изработил: М-р В. Стојкоска
Контролирал: М-р Д. Петрушевска
Одобрил: М-р Д. Петрушевска